# БИОГРАФИЈА И БИБЛИОГРАФИЈА

## Проф. д-р БИЉАНА АНГЕЛОВА

Проф. д-р. Биљана Ангелова е родена на 21 мај 1965 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во Гимназијата „Орце Николов". Дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Економскиот факултет во 1987 година, каде во континуитет ги завршува постдипломските студии на кои се запишала во 1988 и магистрирала во 1993 година на насоката „Маркетинг и надворешна трговија". Докторската дисертација ја пријавила на Економскиот факултет при УКИМ во 1995 година и ја одбранила во 1999 година, со што се стекнала со звањето доктор по економски науки.

Во Економскиот институт е вработена од 1992 каде во континуитет се избира во сите научни и наставно-научни звања. Во 1992 година е избрана во соработничкото звање помлад асистент за истражување на проблематика на пазарот и цените во Економскиот институт-Скопје, а во 1993 година како асистент во истата научна област. После докторирањето во 1999 година е избрана во научен соработник/доцент за истражување во областа на деловните финансии при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ЈНУ Економски институт. Во 2004 година е избрана во звањето виш научен соработник/вонреден професор во областа на деловни финансии. За редовен професор и научен советник првпат е избрана во 2007 година во областа на деловни финансии. Согласно важечкиот Закон за високо образование во тој период повторно е избрана во звањето редовен професор, во областа на финансиски менаџмент при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економскиот институт - Скопје во 2012 година.

Автор е на голем број публикувани научни трудови и трудови презентирани на конференции и издадени во меѓународни списанија. Издала 12 учебници, учебни помагала и прирачници и учествувала издавање на други стручни и научни изданија. Реализирала голем број научноистражувачки и апликативни проекти и била раководител на значителен број научноистражувачки проекти во Економскиот институт и надвор од него. Земала активно учество на голем број меѓународни конференции во странство. Активно работела и била носител на повеќе меѓународни проекти во соработка со реномирани странски универзитети и меѓународни институции.

Реализирала студиски престои на универзитети и институции во повеќе земји. Во Виена, Австрија, била на студиски претстој организиран од страна на World Bank Office за специјализација за Clustering of SME. Во 2006 година добила стипендија за едукација за општински кредитен рејтинг и претстојувала во Прага, Република Чешка, во реномираната Credit Rating Agency Moody's, Head Office for South-East Europe, каде се здобила со сертификат за утврдување на општински кредитен рејтинг. Усовршувањето во оваа област го продолжува во 2009 година кога добива стипендија за стручно усовршување во Лондон, Велика Британија, од страна на реномираната Агенција за кредитен рејтинг Moody's Analytics, каде се стекнува со сертификат за корпоративен кредитен рејтинг. Студиски престои остварила и на други реномирани универзитети во Болоња, Италија, Бон, Германија, Словенија, Србија и др.

Во 2023 година е избрана за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за мандатен период од три години за период септември 2023- септември 2026 година.

Претходно во периодот од 2016 до 2023 година, ја извршува функцијата – проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. На оваа функција првпат е избрана во јуни 2016 година за мандатен период од четири години. Повторно била избрана на оваа функција во септември 2020 година, за мандатниот период 2020-2023 година.

Во текот на седумгодишниот мандат на позицијата проректор за финансии, инвестиции и развој извршувала и други надлежности кои и биле доделени. Од 2016 до 2023 е претседател на Комисијата за финансии и на Комисијата за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од 2024 до денес е Претседател на Интеруниверзитетска конференција на универзитетите на Република Македонија.

Од 2023 до денес е избрана и е член на Собранието на Стопанска Комора на Република Македонија и од јануари 2026 е член на Бизнис Клуб Европа при Стопанската Комора на Република Македонија.

Од 2024 година е член на Бордот на Европската Алијанса ACROSS EU, каде УКИМ е член во конзорциум со уште 8 други реномирани универзитети од Европа.

Од 2016 година па се до денес е член на академскиот борд на Институтот „Конфуциј" при УКИМ и активно работи на унапредување на научната соработка меѓу Универзитетот за финансии и банкарство во Ченгду, Република Кина и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Била иницијатор и учесник на меѓународни научни конференции со претставници на двете држави и остварила неколку академски претстои на партнерскиот универзитет од Република Кина.

Во 2018 година, во соработка меѓу Универзитетот и Факултетот за електротехника и информациски технологии активно учествува во формирање на трговското друштво на Универзитетот за иновации и трансфер на технологии ИНОФЕИТ, во кое Универзитетот инвестираше свои средства за да го поттикне неговиот развој и за да го овозможи неговото партнерско учество во формирање на Акцелераторот на УКИМ. Од самото негово основање па се до Септември 2023 година е претседател на надзорниот одбор на Универзитетското друштво за иновации и трансфер на технологии „ИНОФЕИТ" назначена со Одлука на Универзитетскиот сенат.

Од 2018 година е активно вклучена и во сите активности кои УКИМ ги презеде за формирање, промовирање и поддршка на Акцелераторот каде УКИМ учествува со најголем удел. Активно ги следи и учествувала во сите активности кои ги спроведува акцелераторот во своето четиригодишно работење.

Во два мандати од ноември 2009 до септември 2016 била директор на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Периодот од ноември 2009 до мај 2010 година била назначена за в.д. директор во Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Првпат е избрана за директор на Економскиот институт во мај 2010 и ја извршувала оваа функција до мај 2014 година, кога е за вторпат избрана за директор на Економскиот институт. Оваа функција ја извршувала се до септември 2016 година кога е избрана за проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во 2013 година од позиција директор на Економскиот институт, го иницира повторното поврзување и вмрежување на економските институти од сите поранешни југословенски републики, ја обновува соработката и ја формира Меѓународната асоцијација на Економски институти на земјите на Југоисточна Европа (SEEA), каде станува и нејзин прв претседател.

Во периодот 2006 – 2008 била раководител на втор циклус студии по Меѓународен менаџмент а од 2008 до денес раководи со насоката Финансиски менаџмент.

Ангелова Биљана активно учествува во реализација на наставата на втор циклус студии на Економскиот институт и на други единици на УКИМ. Била ментор на повеќе од 160 кандидати на втор циклус студии и на над 30 кандидати на трет циклус студии. Учествува во реализација на наставата на прв циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет.

Во третиот циклус, докторски студии учествува од самиот почеток на нивното формирање и е акредитиран ментор.

Била и прв раководител на Докторските студии по Организациски науки (Менаџмент) кои се организирани под закрилата на Школата на докторски студии на УКИМ во периодот 2012 - 2016 година како заедничка програма на три единици – Економскиот факултет, Економскиот институт и Институтот за социолошки и правно-политички истражувања.

Била член на Комисијата за нострификација на странски високообразовни дипломи при Министерството за образование и наука во периодот од 2011 до 2017 година, во областа на општествените и хуманистичките науки.

Во 2016 е избрана за независен член на Надзорниот одбор на Халк Банка АД Скопје од страна на Акционерското собрание на Банката, со лиценца издадена од страна на Народната банка. Исто така, Ангелова е и член на Одборот за ревизија на Банката.

Активно работела и со Комисијата за хартии од вредност каде во период од четири години (2014 – 2018) била претседател на Комисијата за спроведување на обуки и стручен испит за овластени брокери и инвестициони советници. Од 2025 година е повторно назначена за член на Комисијата за спроведување на обуки и стручен испит за овластени брокери.

Од 2014 до 2018 била претседател на Комисијата за доделување на државни ордени и признанија во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

Во 2014 год. учествувала во формирањето на Академијата за банкарство и информатичка технологија, препознатлива по спроведување на стручни обуки за вработените во банкарскиот сектор каде била назначена за член на Академскиот одбор.

Во периодот од 2009 до 2011 година била и член на Управниот одбор на Фондацијата „Отворено општество Македонија“.

Ангелова Биљана многу активно учествувала во процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал уште од самите почетоци во 1994 година па сè до завршување на овој процес. Во периодот од 2010 до 2012 година учествува и во изработката на Законот за процена и автор е на неколку законски усвоени методологии за процена на капитал на трговските друштва, права од интелектуална сопственост и информатичка технологија. Била обучувач и претседател на повеќе комисии назначени од страна на Министерството за економија за спроведување на обуки и стручен испит за процена. Во еден

мандат (2012 -2014) била и член на Управниот одбор и потпретседател на Комората на проценувачи.

2010 била претседател на Комисијата за спроведување на стручен испит за стекнување на сертификат за овластен проценувач од областа на информатичка технологија при Министерството за информатичко општество и администрација на Република Македонија, за мандатен период од 4 години;

Во текот на 2011 година била претседател на Комисија за изработка на Методологија за процена на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица, и претседател на комисиите за спроведување на обуки и стручни испити за лиценцирани проценувачи, за мандатен период од 4 години;

2011 е определена и за претседател на Комисија за изработка на Методологија за процена на машини и опрема.

2011 била претседател на Комисија за изработка на Методологија за процена на права од индустриска сопственост и претседател на Комисија за спроведување на обука и стручен испит за лиценциран проценувач за права од индустриска сопственост, за мандатен период од 4 години;

2011 била претседател на Комисија за подготовка на Методологија за процена на подвижен имот, согласно Законот за процена (Службен весник на РМ бр.115/2010) и претседател Комисија за спроведување на прва почетна обука за проценувачи, за мандатен период од 4 години;

2012 била претседател на Комисијата за спроведување на испит за стекнување на сертификат за овластен проценувач на побарувања и обврски при Министерството за финансии на Република Македонија, за мандатен период од 4 години;

Во 2011 активно се вклучила и била претседател на Комисијата за спроведување на стручен испит за лиценцирани вештаци од областа на материјално-финансиско работење при Министерство за правда на Република Македонија, за мандатен период од 4 години

Активно работела и била носител на голем број меѓународни проекти во соработка со Светска Банка, Европска банка за реконструкција, USAID, UNDP, JICA, Cooperacione Italiana, Swiss Agency for Development and Cooperation SDC, и други меѓународни институции. Има многу активна соработката со бизнис секторот во делот на развој на бизниси, физибилити студии, Due diligence анализи, експертски и други стручни ангажмани.

Активно учествувала во изготвувањето на извештаите за самоевалуација на УКИМ како и во многу други анализи на состојбите во високото образование, поврзани со финансирањето, научноистражувачката дејност, дигитализацијата и меѓународната соработка, што и овозможува да ги согледа состојбите во сите сегменти на функционирање на Универзитетот.

**Одликувања: Носител на титулата Cavaliere dell'Ordine della Stella d'Italia – (Витез од редот Звезда на Италија) признание доделено од Претседателот на Италија Н.Е. Серџо Матарела за исклучителна соработка во високото образование и науката.**

## Библиографија

**Публикувани научни трудови и трудови презентирани на конференции:**


- (2026) Biljana Angelova, Vladimir Petkovski, Angela Zafirova: Fiscal Decentralization Municipal Service Delivery: Evidence from North Macedonian Municipalities, Lex Localis, 2026;

- (2026) Angela Zafirova, Biljana Angelova. Fiscal transparency and accountability in local-self-government units: evidence from North Macedonia. Economic Analysis. Vol. 59, No.1/2026;

- (2025) Zoraan Janevski, Biljana Angelova, Milena Boshkoska Klisaroski, Tea Josimovska. The role of women managers in reducing CO2 emissions in EU member countries. Poster presentation from International Scientific Conference, Skopje, North Macedonia, 9-10 October, 2025;

- (2025) Katerina Georgievska, Katerina Hadzi Naumova-Mihajlovska, Biljana Angelova. Policy support for women's entrepreneurship in the green transition. Book of abstracts from International Scientific Conference, Skopje, North Macedonia, pp. (54);

- (2025) Biljana Angelova, Vladimir Petkovski, Irina Piperkova, Ivana Angelova. The evolving landscape of ESG rating: a critical examination of their role in promoting sustainability. Economic Development, Year. 27, No. 1-2/2025, pp. (108-123);

- (2025) Blagica Koleva, Biljana Angelova, Mare Bogeva-Micovska. Analysis of the impact of digitalization on cost management in the education sector: challenges, opportunities and perspectives. Economic Development, Year. 27, No. 1-2/2025, pp. (6-18);

- (2024) AI Revolution in financial institutions: impact, cutting-edge applications and a comprehensive bibliometric analysis of emerging trends (Biljana Angelova, Violeta Cvetkoska and Milanka Dimovska) , Economic and Business trends shaping a future, 5 th international Conference. Faculty of Economics, 14 November, 2024;

- (2023) Blagica Koleva, Biljana Angelova. Cloud computing as a new paradigm for Macedonian accounting companies. Economic Development, Year. 25, No. 3/2023, pp. (7-20);

- (2023) Biljana Angelova, Angela Zafirova: Impact of Covid-19 on the financial performance of the banking sector and the set of measures undertaken in the Republic of North Macedonia. Economic Development. No.1-2/2023;

- (2022) Biljana Angelova, Angela Zafirova: Impact of Covid-19 on financial performance of banking sector in the Republic of North Macedonia. Book of abstracts. European economies after Covid-19: Challenges and implications for the macroeconomic policy. Institute of Economic Sciences, Belgrade;
- (2022) Biljana Angelova, Angela Zafirova: Green financing: Opportunities and challenges for the banking sector in the Republic of North Macedonia. Economic Development. Year.25 No.2/2022;
- (2022) Biljana Angelova, Angela Zafirova: Relationship between energy consumption and gross domestic product: potential impact of the energy crisis on the economic growth of the Republic of North Macedonia, CONTEMPORARY CHALLENGES OF ECONOMIC GROWTH AND SUSTAINABILITY OF BUSINESSES, Institute of Economics, 2022;
- (2022) Aleksandar Naumovski, Biljana Angelova. Climate finance: Global and national perspectives in the context of Covid-19 pandemic impact. Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year 24 No. 1/2022;
- (2021) Biljana Angelova, Blagica Koleva, Mila Mitreva: Cost management-method for increasing the profitability of enterprises, with reference to the production SMEs in the Republic of North Macedonia. Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year 23 No. 2-3/2021;
- (2020) Angelova Biljana, Bilal Sucubasi, Zoran Janevski: Municipalities in North Macedonia in the era of digital economy, Economic Development No. 1-2/2020 pp. (6-18);
- (2019) Gadaf Rexhepi, Hyrije Abazi, Amir Rahdari, Biljana Angelova: Open Innovation Models for Increased Innovation Activities and Enterprise Growth, Open Innovation and Enterpreneurship – Impetus of Growth and Competitive Advantages, Springer, (pp. 37-50);
- (2019) Contemporary Trends in the Global Economy Influenced by Financial Flows and Crisis, V. INTERNATIONAL SYMPOSIUM ON ACCOUNTING AND FINANCE Cohosted by MUFAD, Bursa Uludag University, Azerbaijan State University of Economics and Ss. Cyril and Methodius University Skopje Institute of Economics Bursa-Turkey/1-4 May 2019;
- (2018) Dario Gecevski, Klimentina Poposka, Biljana Angelova, Valentina Gecevska: Agile Software Development Products for Fintech – Financial Technologies, 8th International Conference on Mass Customization and Personalization – Community of Europe (MCP-CE2018), September, 19-21,2018, Novi Sad, Serbia, (pp.107-113);

- (2018) Biljana Angelova, Zoran Janevski, Violeta Krstic Taseva: Entrepreneurial dimensions of the public sector in the Republic of Macedonia. Economic Development, Journal of Institute of Economics – Skopje, Year 20 No. 1-2/2018;
- (2017) Biljana Angelova, Neda Petroska Angelovska, Marija Takovska: Possibilities for Managing Financial Crisis of Macedonian Companies, IV International Symposium on Accounting and Finance, ISAF 2017, 3-5 July, Ohrid, (pp. 106-116);
- (2017) Biljana Angelova, Violeta Krstic Taseva: Economic and development aspects of investment projects for energy efficiency, Economic Development, Year 19. No.3/2017;
- (2017) Biljana Angelova, Iskra Stanceva Gigov: Coincident indicator for assessing the state of the business cycle in Republic of Macedonia;
- (2017) Diana Boskovska, Biljana Angelova, Vesna Georgieva Svrtinov: Turnover as an indicator for the Macedonian Stock Exchange Operating, Economic Development, Journal of The Institute of Economics – Skopje, Year, 19, No 1-2/2017;
- (2017) Biljana Angelova, Tatjana Petkovska Mirchevska, Vladimir Petkovski, Elizabeta Djambaska, Aleksandra Lozanoska, The Development of the Human Capital in the Balkan Countries Measured by the Human Development Index – Comparative Analysis, 3th China – CEE Conference – The role of Human Capital in the One Belt One Road Initiative, Ohrid, Macedonia, 6-7 October, 2017;
- (2015) Marija Hadzi Nikolova, Dejan Mirakovski, Biljana Angelova, Vlatko Panov, Ana Karanfilova Maznevska: Effects of Regional easte Management System, 4th International conference of Regional waste Management, 26th-28th May, 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, (pp.153-161);
- (2015) Dejan Mirakovski, Marija Hadzi Nikolova, Biljana Angelova, Sonja Lipitkova, Ana Karanfilova Maznevska: Comparison of environmental and economic effects of different municipal waste management system, 4th International conference of regional waste management, 26th-28th May, 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, (pp.161-169);
- (2015) Biljana Angelova, Diana Boskovska, Aleksandra Lozanoska, Elizabeta Dzambaska: ECONOMIC IMPACTS OF THE EXCISE LEGISLATION ALIGNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE EU DIRECTIVES (Original scientific paper), (pp. 1-24) Economic Development, Journal of The Institute of Economics – Skopje, Year, 17, No 1-2/2015;
- (2015) Zoran Janevski, PhD, Shtefan Bojnec, PhD, Uros Godnov, PhD, Tatjana Petkovska Mirchevska, PhD, Biljana Angelova, PhD, Monika Angeloska Dichovska, PhD, Improvement of business competitiveness through developing G2B e-services in

Slovenia and Macedonia, HORIZONS INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL Series A Social Sciences and Humanities Year XI Volume 17 September 2015 Bitola, pp. 33-45;

- (2015) Diana Boskovska, Biljana Angelova: INVESTMENT FUNDS AND THEIR INVESTMENT STRATEGY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA (Original scientific paper), (pp. 89-99) Economic Development, Journal of The Institute of Economics - Skopje, Year, 17, No 1-2/2015;

- (2015) Jankulovski N, Angelova B, Dojcinovski T, Bojkovska K, Arpacheska M, Jankulovska A, Analysis of the Regions in Terms of Promoting Regional development of Republic of Macedonia, International Journal of Economics and Finance, Vol.7, No.10; (pp. 247-257);

- (2015) Biljana Angelova, Blagica Koleva: The Role of Internal Audit in Risk Management system of the companies, Economic Development, No.3/2015, pp. (1-10);

- (2015) Borrowing Capacity of Macedonian Municipalities - Comparative Analysis with Practices of EU and South-East Europian Countries; International Review of Social Science, Vol.3, Issue 1, (pp.16-25);

- (2014) Zoran Janevski, Štefan Bojnec, Uroš Godnov, Tatjana Petkovska Mirchevska, Biljana Angelova, Monika Angeloska Dichovska: BUSINESS BENEFITS FROM E-GOVERNMENT SERVICES: CASE OF SLOVENIA AND MACEDONIA (Original scientific paper), (pp. 13-27) Economic Development, Journal of The Institute of Economics - Skopje, Year, 16, No 3/2014;

- (2014) Neda Petroska Angelovska, Marija Ackovska, Biljana Angelova: THEORETICAL AND PRACTICAL ASPECTS OF VALUE ADDED TAX IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA Original scientific paper, (pp. 1-10) Economic Development, Journal of The Institute of Economics - Skopje, Year, 16, No 1-2/2014;

- (2014) Biljana Angelova: The Influence of Global Financial Crisis on the Liquidity Banking Sector in Republic of Macedonia, (Original Scientific Paper), (pp.321-337), Contemporary Trends and Prospects of Economic recovery, CEMAFI, International, Nice, France;

- (2014) Vladimir Petkovski, Biljana Angelova: USAGE OF BUSINESS PLAN AS A TOOL FOR STARTING AND EXPANDING BUSINESSES IN REPUBLIC OF MACEDONIA, (pp.29-44), Economic Development, Journal of The Institute of Economics - Skopje, Year, 16, No 3/2014;

- (2013) Biljana Angelova, Violeta Tasheva: Constructive Cultural Blocks of Entrepreneurship in the Republic of Macedonia, (The Influence of Culture's Value on

Entrepreneurship), EUROPEAN ACADEMIC RESEARCH, VOL. I, ISSUE 2/ MAY 2013, ISSN 2286-4822, www.euacademic.org;

- (2013) Biljana Angelova, Biljana Cvetanovska-Gugoska, Vesna Goceva, REGIONAL DEVELOPMENT THROUGH THE USE OF THE POTENTIALS FOR RURAL TOURISM (Original scientific paper), (pp.9-22), Economic Development, Journal of The Institute of Economics – Skopje, Year, 15, No 3/2013;

- (2013) Mirjana STANKOVIC, Biljana ANGELOVA, Verica JANESKA, Bratislav STANKOVIC: Science and innovation policy in Southeast Europe: brain drain as brain gain, Int. J. Technological Learning, Innovation and Development, (Original Scientific Paper) Vol. 6, No. 3, 2013;

- (2013) Mirjana Stankovic, Biljana Angelova, Verica Janeska, Bratislav Stankovic: Science and innovation policy in Southeast Europe: Brain drain as brain gain, University of applied science, Budapest, Hungary, International Conference for migration, mobility and its consequences for Europe, September, 20-21, 2013;

- (2013) Biljana ANGELOVA, Natasha DANILOSKA, Katerina HADZINAUMOVA MIHAJLOVSKA: Knowledge system for organic farming in the Republic of Macedonia, The Second International Scientific Conference for Employment, Education and Entrepreneurship (EEE 2013), Belgrade, Serbia, 16 – 18 October 2013, pp.378;

- (2012) Nataša Šanevska, Biljana Angelova, Sonja Kortoševa, Aleksandar T. Dimitrov: METHODOLOGY FOR DETERMINING ORGANIZATION'S DEVELOPMENTAL STAG, (pp.112-121), Economic Development, Journal of The Institute of Economics – Skopje, Year, 14, No2- 3/2012;

- (2012) Biljana Angelova, Stefan Bojnec: Capital market, subsidies, agricultural and rural developments in the Republic of Macedonia, African Journal of Agricultural Research (AJAR),2012;

- (2012) Biljana Angelova: Credit rating – indicator of new economic prospective and challenges, Economic development, Year 14 No 1/2012, Економски институт - Скопје, 2012;

- (2012) Biljana Angelova, Biljana Cvetanovska: Institutional support for sustainable local economic development -Italian experiences and Macedonian perspective, PECOB, University of Bologna, 2012;

- (2012) Biljana Angelova: Trends and Implications in Knowledge-base Economies, Меѓународна научна конференција на тема: "Challenges of Science in knowledge-based economy – current situation and perspectives", 2012 Скопје, Република Македонија;

- (2012) Biljana Angelova: PPP – Alternative for better efficiency in Public Communal Enterprises, International Conference "Sustainable Management with materials" – Economic Justification of waste treatment;

- (2011) Mirjana Todorovska, Bratislav Stankovic, Biljana Angelova, Krstevska: Triple helix innovation model: linking the academia, the business sector and the government, case study of Macedonia, International Journal of Knowledge, Culture and change Management, Volume 11, 2011;

- (2011) Biljana Angelova, Jusuf Zekiri: Measuring customer satisfaction with Service Quality using American Customer Satisfaction Model (ACSI Model), International Journal of Academic Research in Business and Social Science, October 2011, Volume, No3. pp.232-258;

- (2011) Jusuf Zekiri, Biljana Angelova Factors that Influence Entry Mode Choice in Foreign Markets, European Journal of Social Science, Volume 22, Issue 4, 2011;

- (2011) Биљана Ангелова: Концепти и перспективи на ЈПП во Република Македонија, Економски развој, год.12, бр.1-2/2010, Економски институт- Скопје, 2011;

- (2011) Biljana Angelova, Opportunities for Encouraging and Financing Investments based on the Geothermal Potential of the Republic of Macedonia, Hikmet Ilmi Arastirma Degresi, Journal of Scientific research 17/2011(88-100);

- (2011) Биљана Ангелова: Можности за поттикнување и финансирање на инвестициите базирани на геотермалниот потенцијал во Република Македонија, Зборник на трудови од Научен собир, 2011;

- (2010) Biljana Angelova, Irina Majovski: Developed Human Resource Management Practices in Macedonian Companies, Economic development, Year 12 No 3/2010, Skopje 2011, pp. 21-33;

- (2009) Biljana Angelova: Foreign direct investments and business environment in Republic of Macedonia", Second International Conference of Western Balkans, Tekirdag, Turky, April, 2009;

- (2009) Biljana Angelova: The influence of decentralization process and fiscal decentralization to the quality of the citizen's life, Third International Conference of Western Balkans, Edrine, Turky, April, 2010;

- (2008) Биљана Ангелова: Позитивни практики во управувањето со јавните финансии, Економски развој, год.10, бр.3/2008 Економски институт- Скопје;

- (2008) Биљана Ангелова: Буџетскиот процес во Република Македонија и примена на добри практики за управување со јавните финансии, ФИООМ;
- (2007) Биљана Ангелова: Финансирање на единиците на локална самоуправа - меѓународни рамки и локална регулатива; Економски развој, Економски институт;
- (2006) Биљана Ангелова: -Претприемништво во функција на локалниот економски развој, научен собир, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2006;
- (2003) Биљана Ангелова: Управување со локалниот економски развој - трансферзална функција на локалната администрација, Економски институт Скопје;
- (2003) Биљана Ангелова: Инструменти на корпорациско инвестирање во функција на долгорочната ефикасност" Научен собир, Економски институт и Фондација Friederch Ebert Stiftung;
- (2003) Биљана Ангелова: Ограничувачки фактори за стимулирање и развој на инвестиционата активност во стопанството на Република Македонија", научен Собир, Економски институт, Friederch Ebert Stiftung;
- (2002) Биљана Ангелова: Проценка на можностите за развој на малите претпријатија во Република Македонија, Економски развој бр.1, Економски институт;
- (2002) Биљана Ангелова: Финансиско планирање и интерна контрола - оперативни инструменти на финансиско сметководствениот менаџмент", 13-ти меѓународен симпозиум за сметководство и ревизија во организација на Министерство за финансии и Сојуз на сметководители;
- (2001) Биљана Ангелова, Звонко Божиновиќ, Александар Мурарцалиев: Влијанието на трансформацијата врз производството на вино во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународен симпозиум за вино;
- (2001) Биљана Ангелова: Alternative forms of financing in the corporate sector of Republic of Macedonia, University Makedonia, Thessaloniki,Greece;
- (2001) Biljana Angelova: Investment funds and leasing as alternative forms of financing corporate sector in Republic of Macedonia , Thesaloniky;2001; INTERREG International Conference, University Makedonia;
